# Изборите и лицата попреченост во Северна Македонија



## На разбирлив јазик информации

Support to Electoral Reforms
in the Western Balkans

OSCE
ODIHR

# Што обработува овој документ?



Овој документ ги обработува **изборите**
во Република Северна Македонија.
**Изборите** се процес кога група луѓе гласаат.



Неколку организации работеа заедно во пишувањето на овој документ.
Организациите спроведоа **истражување**.
**Истражувањето е процес каде** се собираат податоци.




Овие информации ни кажуваат како лицата со попреченост учествуваат на изборите во Северна Македонија.
Овие информации ни кажуваат како се спроведуваат изборите во Северна Македонија.




Овој документ дава идеи за начините на кои лицата со попреченост би можеле подобро да се вклучат во изборите во Северна Македонија.

# Што помогна при истражувањето?

Други документи помогнаа при нашето истражување. Некои од овие документи се на организациите на **ОБСЕ** и **ОДИХР**.

**КПЛП** исто така ни помогна при истражувањето.
**КПЛП** е кратенка за Конвенцијата за правата на лицата со попреченост.



КПЛП се обидува да обезбеди лицата со попреченост да ги имаат истите права, како и другите луѓе.



Северна Македонија ја усвои КПЛП како дел од своето **законодавство** во 2011 година.
**Законодавство** значи правила на една земја.

# Што направивме?



Спроведовме **интервјуа** со 46 **експерти**.

**Интервју** е состанок со експерт.

Овие **експерти** знаат многу за:

- изборите
- лицата со попреченост
- Северна Македонија




100 изборни работници пополнија по 2 **анкети**.

**Анкета** е листа на прашања.

Се сретнавме со 11 **фокус групи**.

**Фокус група** е мала група на луѓе.



Фокус групата им кажува на лицата кои го спроведуваат истражувањето што знаат и како се чувствуваат на одредена тема.



Лица со попреченост учествуваа на фокус групите.

Организации на лица со попреченост учествуваа на фокус групите.

# Што научивме?




Тешко е за лицата со попреченост да учествуваат на избори.
Лицата со попреченост се чувствуваат засрамени и лути поради тоа.




Националната стратегија за правата на лицата со попреченост е застарена.
Нема доволно собрани информации за лицата со попреченост.



Луѓето сѐ уште размислуваат за попреченоста користејќи ги **медицинските и добротворните модели на попреченост**.



**Медицинскиот модел** вели дека попреченоста на едно лице е причината поради која тие не можат целосно да учествуваат во општеството.
**Добротворниот модел** вели дека на лицата со попреченост им е потребна помош и сами не можат да ги прават работите.

# Што научивме?

Луѓето што **спроведуваат** избори не знаат доволно за КПЛП.
Луѓето што **учествуваат** на избори не знаат доволно за КПЛП.




Н секогаш има **достапни** информации за изборите.
**Достапни** информации значи дека лицата со попреченост можат да добијат информации и истите да ги разберат.



Луѓето не секогаш можат да пристапат до гласачките места за да гласаат.



Жените со попреченост се соочуваат во многу повеќе **бариери** за учество на изборите.
**Бариерите** им го отежнуваат учеството на лицата со попреченост на избори.

# Што научивме?



Лицата со попреченост од **немнозинските етнички заедници** се соочуваат со многу бариери за учество на изборите.



**Етничките заедници** вклучуваат луѓе со иста култура, јазик и традиција.



Политичка партија е група на политичари кои работат заедно бидејќи имаат исти **приоритети** и идеи. **Приоритети** се најважни прашања.




Политичките партии им отежнуваат на лицата со попреченост:

- да учествуваат на избори
- да се информираат за изборите.

# Што научивме?



Нема доволно лица со попреченост во медиумите кои зборуваат за изборите.




Нема доволно информации за прашања поврзани со попреченост во медиумите. Информациите во медиумите не се секогаш достапни.



Организациите на лица со попреченост се нарекуваат со кратенката **ОЛП**.
**ОЛП** се организации раководени од лица со попреченост.



ОЛП не секогаш се прашани за нивното мислење за изборите во Северна Македонија.

# Државна изборна комисија на Северна Македонија



**ДИК** е кратенка за Државната изборна комисија на Северна Македонија.



Д ИК е одговорна за спроведување на изборите во Северна Македонија.




ДИК презеде добри мерки за да им помогне на лицата со попреченост да учествуваат на избори.



ДИК ги направи информациите за изборите подостапни за лицата со попреченост.

# Државна изборна комисија на Северна Македонија




Еве неколку начини на кои ДИК им олесни на лицата со попреченост да гласаат на денот на изборите:




Гласањето е тајно.



**Брајово** писмо се релјефни букви на хартија.
Слепо лице ги распознава буквите со допирање за да може да чита.




Шаблоните со брајово писмо им помагаат на слепите лица да гласаат.

# Државна изборна комисија на Северна Македонија



Специјалните **гласачки кабини** им помагаат на лицата со попреченост да гласаат.



**Гласачката кутија** е заклучена кутија. По гласањето, лицето го става својот глас во **гласачката кутија**.



**Гласачките кутии** поставени на помала висина им помагаат на лицата со попреченост да гласаат.



ДИК мора да продолжи да ја врши оваа работа.
ДИК мора исто така да прави нови работи за да им помогне на лицата со попреченост да учествуваат на изборите.

# Идеи за во иднина




ДИК треба да напише **политика** за начините како да им се помогне на лицата со попреченост да учествуваат на изборите.



**Политиката** е збир на правила кои ѝ помагаат на организацијата да донесува одлуки.

CRPD CONVENTION ON THE RIGHTS OF PERSONS WITH DISABILITIES

Насоките на КПЛП и ОДИХР ќе и помогнат на ДИК да ја напише оваа политика.
Важно е да се добијат мислењата на ОЛП.




ДИК треба да обезбеди:

- подостапни информации за изборите
- едукација на лицата со попреченост за гласање
- информирање на јавноста за лицата со попреченост кои учествуваат на изборите.

# Идеи за во иднина



ДИК треба да продолжи со добрата работа во изборните денови.



ДИК треба да истражува начини како лицата со попреченост да гласаат во нивните групни домови.



Треба да постои пристап до повеќе **избирачки места**.

**Избирачки места** се места каде што луѓето одат да гласаат.



**Пристапни** избирачки места се места на кои лицата со различна попреченост можат да дојдат и да гласаат.

# Идеи за во иднина




Политичките партии и релевантните институции треба да пишуваат политики на темата за лицата со попреченост и изборите.



Политичките партии мора да бараат начини да се обезбеди лицата со попреченост да можат да имаат работни места на повисоки позиции во политичките партии.



Политичките партии и релевантните институции треба да се погрижат:

- лицата со попреченост да можат да учествуваат на изборите
- информациите се достапни
- местата за состаноци и канцелариите се пристапни.

Северна Македонија треба да се погрижи законот за избори да ги кажува истите работи како и КПЛП.
ОЛП мора секогаш да бидат дел од дискусиите.

# Што ќе се случува следно?




Ова истражување вели дека има подобри начини за одржување на изборите.

Ова истражување ќе им помогне на лицата со попреченост да учествуваат на избори.



Истражувачите ќе и помогнат на ДИК и на другите да ги направат работите кажани во ова истражување.



Ова истражување ќе им помогне на луѓето во Северна Македонија да зборуваат за:

- начинот на кој се одржуваат изборите
- лицата со попреченост да учествуваат во изборите.

# Кој го спроведе истражувањето?

OSCE ODIHR Office for Democratic Institutions and Human Rights

Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и Канцеларијата за демократски институции и човекови права (ОДИХР)

Support to Electoral Reforms in the Western Balkans

Проект за поддршка на изборните реформи во Западен Балкан

Ова истражување беше финансирано од: Европската Унија

Austrian Development Agency

Австриската агенција за развој

Ова лесно разбирлива верзија ги следи европските стандарди за да ги направи информациите лесни за читање и разбирање. Повеќе информации: www.inclusion-europe.eu/easy-to-read/.

© European Easy-to-Read Logo: Inclusion Europe.